Групација на агрегати, бетони и асфалти

**Поставена дилема - Дали атестите на градежните производи се уште важат**

Согласно Заклучокот донесен на седницата на Здружението на градежништвото, индустријата на градежни материјали и неметалите одржана на 5.4.2017 година, за одржување состаноци со концесионери на агрегати, по региони во земјата и презентирање на новините од Законот за градежни производи, на 18.5.2017 година се одржа состанок во Гостивар. На состанокот беа присутни концесионери на агрегати (варовници) од гостиварско-тетовскиот регион.

Во присуство на голем број заинтересирани концесионери, претставници на Комората, пазарна инспекција, стандардизација и од телата за сертификација, беше направена презентацијата: „Концепт на контрола на градежните производи согласно Законот за градежни производи и националните (европски) стандарди“, подготвена од страна на претставници од „ГЕИНГ“- Скопје, Градежниот институт „Македонија“ (ГИМ) - Скопје и Заводот за испитување на материјалите (ЗИМ) - Скопје, а ја презентираше Марјана Топаловска Ангелевска од „ГЕИНГ“ - Скопје.

Во презентацијата беше даден посебен акцент на обврските на производителот на градежниот производ согласно Законот за градежни производи, така што производителот за да може да издаде своја Изјава за својства, треба да има и Сертификат за сообразност на Фабричка контрола на производството (ФКП), издаден од страна телата за сертификација, така што со тоа се создадени услови производот да се пласира на пазарот.

Во обемната дискусија беа поставени повеќе прашања околу самиот процес на контрола на квалитетот каде што беше потенцирано дека самиот производител мора да го контролира квалитетот на агрегатот било во сопствена и/или во друга акредитирана лабораторија, при тоа користејќи ги усвоените европски стандарди, како техничка поткрепа, што значи дека се заменуваат досегашните атести кои произлегуваат од мкд-стандарди.

Заложбата и целта на концесионерите е да го задржат квалитетот на производот во случајот агрегатот, со кој ќе се добие и квалтетен и градежен објект. Се постави прашањето дали сеуште важат атестите, при што беше истакнато дека за нив има преоден период, меѓутоа, веќе се создадени и законските условите со именување на телата за сертификација за оцена и потврда на постојаност на својствата на градежните производи.

Агрегатите се основните суровини за производство на голема палета на градежни производи, па затоа се разговара за нив и се појаснуваат сите прашања и дилеми околу процесот на фабричката контрола на квалитетот. Контролата на квалитетот е врзан ланец, во кој покрај производителите на било кој градежен производ, вклучени се изведувачите и надзорните инженери. Државната пазарна

инспекција исто така, согласно закон, е вклучена во низата на контролата на квалитетот на производот.

На крајот на состанокот се заклучи презентацијата да се достави до сите присутни, а дополнителните прашања и предлози можат да се доставуваат до Стопанската комора на Македонија, одговоните лица во телата за сертификација, во ИСРМ.

Марија Петроска